КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

КЈП НИСКОГРАДБА

Бр. 01-816/1

10.07. 2025 год.

Битола

До

Совет на Општина Битола и Општина Битола
-Градоначалник, Д-р Тони Коњановски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП"НИСКОГРАДБА"- БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

01-01-2025 ДО 30-06-2025 г.

Битола, 10.07.2025 год.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ТАБЕЛА НА ПРИХОДИ

Конто	ПРИХОДИ	Остварени приходи 01.01-30.06. 2024 (3)	Остварени и предвидени приходи од 01.01-30.06 2025 (4)	Индекс 4 : 3
7400	Приходи од услуги општа даночна стапка	14,033,905.00	18,209,085.00	1.30
74004	Приходи од продажба на добра по член 32 а	23,148.00	0	0.00
7401	Приходи од услуги повластена даночна стапка	6,825,964.00	8,375,787.00	1.23
7402	Приходи од канализација	32,868,420.00	37,264,172.00	1.13
745	Приходи од употреба на сопствени производи	1,327,012.00	0	0.00
767	Приходи од субвенции	0	0	0.00
769	Останати приходи од работењето	103,484.00	73,728.00	0.71
7741	Приходи од камати	348,495.00	480,526.00	1.38
7799	Останати финансиски приходи	6,996.00	4,620.00	0.66
	Вкупно	**55,537,424.00**	**64,407,918.00**	**1.16**

Анализирајќи ја горенаведената табела на приходи до првото полугодие од оваа година споредено со истиот период од 2024 година може да се забележи дека остварените приходи во 2025 година се зголемени за 16% или изразено во бројки за околу 9 милиони денари.

Кај приходите од услуги (градежни работи) по општа даночна стапка од 18% се забележува зголемување од 30%. Во тековна 2025 година имаме зголемување на приходите од општа даночна стапка од 18% заради зголемен обем на работа во ова полугодие.

Приходи од продажба на добра на конто 74004 не се остварени во првото полугодие од 2025 година.

Во приходи од услуги со 5% ДДВ , книжени на конто 7401, спаѓаат приходите од зимско одржување на улиците, истите се зголемени за 23% или изразено во бројки за 1,5 милиони денари споредбено со претходното шестомесечие од претходната година од причини што имаше повеќе врнежи од снег и зимската служба работеше со поголем интензитет и беше во припрема.

До 30 јуни оваа година, приходите од надоместок за канализација, книжени на конто 7402 се зголемени за 13% споредбено со истите од 2024 година, односно изразени во вредност зголемени се за 4,395,752.00 денари. Овие приходи можат да варираат во зависност од потрошувачката на вода а се фактурира на потрошени м3 вода по состојби добиени од ЈП Водовод како и од ЈП Стрежево за технолошката вода. Зголемувањето на овие приходи се должи на новата цена за м3 одведена вода добиена од Регулаторна комисија. Во последните години се забележува дека приходите за канализација по основ на м3 одведена вода имаат тренд на постојано намалување заради намалена потрошувачка на вода и истото се должи на иселување на населението и штедење на потрошувачката на вода.

Приходи од употреба на сопствени производи во првото полугодие на 2025 година не се остварени.

Во првото полугодие од 2025 година немаме добиено субвенции и приходи по овој основ на конто 767 не се остварени.

Приходите од камати во првото шестомесечие од 2025 година се зголемени 38% или за 132.031,00 денари и истите се однесуваат за изготвени каматни листи за правни лица, тужени корисници на канализациона мрежа кои обврските ги плаќаат со спогодба на рати.

Другите приходи се во рамките на редовното работење.

ТАБЕЛА НА ТРОШОЦИ

	Вид на расход	Остварени расходи 2024 (2)	Остварени и предвидени расходи 2025 (3)	Индекс 3 : 2
400/401	Потрошени суровини и материјали	5,755,761.00	6,500,000.00	1.13
402	Потрошена енергија	1,772,433.00	1,950,000.00	1.10
408	Отпис на ситен инвентар	289,240.00	18,330.00	0.06
410/411	Поштенски, телефонски GPS и интернет услуги	455,580.00	460,000.00	1.01
4136	Услуги за одржување на опремата	1,530,925.00	1,400,000.00	0.91
41390	Услуги за обезбедување на имотот	431,161.00	894,500.00	2.07
414	Закупнина	0.00	40,000.00	/

415	Комунални услуги	75,180.00	180,000.00	2.39
4198	Производни услуги	2,112,693.00	3,083,809.00	1.46
41989	Услуги за читање на водомери	525,000.00	618,000.00	1.18
41991	Услуги од агенции за вработување	894,484.00	841,672.00	0.94
421	Бруто плати	41,408,351.00	45,328,000.00	1.09
430	Амортизација	6,000,000.00	6,000,000.00	1.00
422	Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	459,247.00	1,025,000.00	2.23
440	Дневници за службен пат	212,722.00	230,000.00	1.08
4419	Надомести на трошоци на вработените и подароци	992,472.00	980,000.00	0.99
442	Трошоци за Управен и Надзорен О.	445,584.00	356,668.00	0.80
417/443 444	Реклами, репрезентација и спонзорство	561,802.00	1,180,000.00	2.10
445	Премии за осигурување	1,112,813.00	988,000.00	0.89
446	Банкарски услуги и платен промет	332,612.00	428,148.00	1.29
447	Даноци кои не зависат од резултат admин., судски и др. давачки	124,024.00	154,190.00	1.24
449	Останати трошоци од работењето	569,432.00	553,000.00	0.97
4660	Отпис на побарувања	242,990.00	37,514.00	0.15
468	Надомести на штети од дејноста	466,296.00	36,792.00	0.08
46920	Дополнително утврдени расходи од минати години	257,065.00	408,145.00	1.59
474	Камати од работењето со неповрзани друштва	230,082.00	153,412.00	0.67
	ВКУПНО :	67,257,949.00	73,845,180.00	1.10

Анализирајќи ја табелата на трошоци во првото полугодие од 2025 година во споредба со 2024 година, вкупните трошоци се зголемени за 10% или за околу 6.5 милиони денари.

- потрошените суровини и материјали се зголемени за 13 % споредено со овој вид на трошоци направени во 2024 година и истото се должи на зголемениот обем на работа во 2025 споредено со истиот период во 2024 година.

- трошоците за енергија се зголемени за 10 % споредено со истите во 2024 година и истите зависат од видот на работата и цената на енергенсите.

- трошокот за отпис на ситен инвентар е намален во споредба со 2024 година за 270,910.00 денари и истиот зависи од вредноста на набавената ХТЗ опрема во наведениот период.

- трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги во првото полугодие од 2025 година се скоро идентични со наведенит период од 2024 година.

- трошоците за тековно одржување на возилата и опремата покажуваат намалување за 9% во споредба со истите во 2024 година,

- трошоците за обезбедување на имотот се зголемени за 463,339.00 денари споредено со истиот период од 2024 година. Во периодот од 2025 година фактурирани се повеќе трошоци од овој вид споредено со истите од 2024 година заради воведување на 24 часовно обезбедување, 7 дена во неделата во Стопанскиот двор на претпријатието.

- трошоците за закупнина изнесуваат по 10.000,00 илјади денари месечно и истите се однесуваат за наплатниот центар.

- трошоците за комунални услуги покажуваат зголемување за 104,820.00 денари

- производните услуги во 2025 година покажуваат зголемување од 46% и истото е резултат на зголемување на приходите од Зимска служба што соодејствува со зголемување на трошоците за подизведувачи за истата.

- трошоците за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП Стрежево секоја година се исти (12 месеци по 93.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Водовод и 10.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Стрежево),

- трошоците за извршени услуги од агенции за вработување се намалени за 6% и изнесуваат 841,672.00 денари за првото полугодие од 2025 година.

- кај бруто платите во споредба со 2024 година постои зголемување за приближно 4 милиони денари.

- амортизацијата не е книговодствено пресметана и истата за првите шест месеци би изнесувала околу 6,000,000.00 милиони денари,

- Останати трошоци на вработените изнесуваат 1,025,000.00 денари и споредено со истиот период во 2024 година се зголемени за околу 500,000.00 денари. Во овие трошоци влегуваат исплатени регреси, помошти, отпремнини и јубилејни награди и истите не зависат од залагањето на вработените.

- трошоците за службени патувања и другите надоместоци на вработените каде влегуваат трошоците за образование и усовршување на вработените се движат во истите рамки како и периодот од 2024 година .

- трошоците за УО и НО се намалени за 20% споредено со 2024 година.

- трошоците за реклами, репрезентација и спонзорство се зголемени за 618,198.00 денари. Во овие трошоци влегуваат и средствата што им се префрлаат на синдикатите за нивното тековно работење каде влегува и личното осигурување на вработените.

-премиите за осигурување на имот се намалени за 11% споредено со истиот период од 2024 година и знесуваат 988,000.00 денари.

- трошоците за даноци, административни, судски и други давачки се зголемени за 24 % и истите на зависат од залагањето на вработените,

- останатите трошоци од работењето се намалени за 3%, во овие трошоци влегува издатокот за адвокатски, компјутерски и други услуги,

- вредносно усогласување на побарувањата значи извршени отписи на ненаплатливи застарени побарувања од физички и правни лица. Во 2025 година истите се налалени за 85 % ,

- надомести на штети од дејноста, во 2025 се намалени за 92% и изнесуваат 36,792.00 денари.

- дополнително утврдени трошоци од минати години се трошоци кои не зависат од работењето, односно истите се јавуваат како резултат на сторнирањето на сметки кое се врши врз основа на извештај испратен еднаш месечно од ЈП Водовод и истите се зголемени за 59% и изнеуваат 408,145.00 денари.

- трошоците за камати се однесуваат за камати за набавени возила на лизинг. Оваа година за првото полугодие од 2025 година по овој основ исплатени се 153,412.00 денари и истите се намалени за 33% споредено со 2024 година.

Напомена : Извештајот е изработен врз база на евидентираните трошоци и приходи во сметководствената евиденција до месец мај 2025 година и планираните трошоци и приходи за месец јуни 2025 година.

Финансиски резултат

Од 01.01.2024 до 30.06.2024 година	**Од 01.01.2025 до 30.06.2025 година**
Вкупни приходи ---------- **55.537.424,00**	**Вкупни приходи -- 64.407.918,00**
Вкупни расходи---------- 67.257.949,00	**Вкупни расходи ----- 73.845.180,00**
Финансиски резултат **- 11.720.525,00 денари**	**-9.437.262,00 денари**

Од погоре изнесеното се гледа дека во првото полугодие од 2025 година КЈП Нискоградба Битола покажува негативен финансиски резултат од **9.437.262,00 денари.**

ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА НА 30.06.2025 ГОДИНА

	30.06.2024	30.06.2025
Неплатени обврски кон добавувачи --------	8.108.897,00	9.692.987,00
Долгорочни обврски по кредити ----------	3.531.561,00	1.905.020,00
Вкупно обврски	**11.640.458,00 ден.**	**11.598.007,00 ден.**

Вкупно ненаплатени побарува	30.06.2024	30.06.2025
Побарувања од услуги	19.350.827,00	31.657.827,00
Побарувања за канализација од домаќинства	32.340.235,00	31.058.048,00
Побарувања за канализација од правни лица	19.552.557,00	19.489.318,00
Вкупни побарувања	**71.243.619,00 ден.**	**82.205.194,00 ден.**

Од прегледот се гледа дека вкупните обврски кон добавувачите за првото полугодие од 2025 година е скоро идентично со обврските за дадениот период од 2024 година. Постои зголемување на обврските кон добавувачи за 19 %, и намалување на обврските за кредити за 46%.

Побарувањата од купувачи покажуваат зголемување за 15%.

Заклучок

Првото полугодие од 2025 година КЈП Нискоградба Битола го заврши со загуба од **9.437.262,00 денари .** Раководниот тим на КЈП Нискоградба ќе се ангажира кон остварување на финансиски резултат кој ќе обезбеди континуирано и непречено функционирање на претпријатието.

Изготвил:
Марица Тодоровска
Советник за финансова оперативна

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансии и правни работи

Директор на КЈП „Нискоградба“ Битола
Зоран Талевски

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
БР. _____
_____ 20__ ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 14.07.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот
за работењето на КЈП Нискоградба Битола
за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето на претпријатието во наведениот период.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување пред Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година. Имајќи го во предвид Мислењето и предлогот по Извештајот на Одборот за контрола на материјално финансиското работење,одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии,сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола
-Градоначалник на Општина Битола

Бр.02-806/4
14.07.2025 година
Битола

Управен одбор
Претседател
М-р Игор Дранговски

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
БР. _____
_____ 20__ ГОД.
БИТОЛА

До
Управниот Одбор
на КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на
Материјално финансиското работење-
за извештај за работењето
на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 14.07.2025 година го разгледа извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за период од 01.01.2025 до 31.06.2025 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето во наведениот период.

Извештајот се проследува до Управниот одбор за понатамошно разгледување и соодветно постапување.

Споредени прикажаните приходи и расходи во наведениот период констатирана е загуба од 9.437.262,00 денари.

Битно е да се потенцира дека во оваа година имаме зголемување на платите на вработените од 2,6 милиони денари како и неприфаќањето на цените за канализациони услуги од страна на Совет на Општина Битола кои се зголемија по најнизок основ предложен од Регулаторна комисија и по основ на закон што најмногу придонесе да се оствари горенаведената загуба.

14.07.2025 година

Одбор за контрола на материјално финансиското работење

1. Александар Петровски
2. Благој Ристевски
3. Мартина Мишевска
4. Георгина Ружин
5. Јасмина Ристановска